СОВЕТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Број 09-4383/1, 10-05-2024 година
СКОПЈЕ

ДО ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
СКОПЈЕ

Врз основа на член 33 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), донесувам

**РЕШЕНИЕ**
**за свикување на Триесет и деветтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода**

Ја свикувам Триесет и деветтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода закажана за 17.05.2024 година (петок) со почеток во **11:00 часот**.

За триесет и деветтата седница го предлагам следниот предлог на

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 37 - та пленарна седница
- Усвојување на Записникот од 38 - та пленарна седница

1. Квартални извештаи К1, К2 и К3 за првиот квартал од 2024 година – К1 - квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 година до 31.03.2024 година; - К2 - квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, - К3 - квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините;
2. Предлог - Одлука за прифаќање на донација во вид на набавка, транспорт и монтажа на детски реквизити;
3. Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за условите, начинот и постапката за давање на термини за истакнување на реклама во спортските објекти „НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА" и „АРХИЕПИСКОП ДОСИТЕЈ" со кои стопанисува Јавното комунално претпријатие КИСЕЛА ВОДА 2022 СКОПЈЕ;
4. Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за условите, начинот и постапката за давање на термини на користење во спортските објекти на територијата на Општина Кисела Вода со кои стопанисува Јавното комунално претпријатие КИСЕЛА ВОДА 2022 СКОПЈЕ;
5. Предлог – Правилник за условите и критериумите за избор на ученици од општинските основни училишта од Општина Кисела Вода кои ќе посетуваат бесплатен летен спортско едукативен камп;

6. Предлог – Одлука за уредување на сквер (плоштад) согласно програма (Ј) комунални дејности на Општина Кисела Вода за 2024 година;
7. Советнички прашања;

Седницата ќе се одржи во големата сала во барака 7.

НАПОМЕНА:

Седницата ќе се одржи комбинирано, со физичко присуство и ONLINE, а начинот на поврзување за седницата е преку страната за видео конференција ZOOM.

За евентуална спреченост за присуство на седницата Ве молиме благовремено да бидеме известени на телефон 2785-403.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски

РД/МТ